ТТК БАНКА АД Скопје Бр. 1
Бр. 02-10063/21
26-12-2024

# Политика за одржливост
# ТТК Банка АД Скопје

Скопје, Декември 2024 година

**Содржина**

1. Вовед .... 3
2. Предмет, употребени термини и дефиниции .... 4
3. Основни компоненти на ESG .... 11
4. Основни цели на одржливо работење на ТТК Банка .... 12
4.1. Засегнати страни .... 13
4.2. Еколошки прашања и влијание врз животната средина .... 15
4.3. Прашања од општествен интерес .... 16
4.4. Прашања од доменот на корпоративното управување .... 17
5. Глобални цели на одржливост .... 19
6. Мапирање на 17 Глобални цели со ESG критериумите .... 20
7. Столбовите и рамките на Глобалните цели: .... 21
8. Посветеноста на ТТК Бака кон целите за одржлив развој .... 22
9. Управување со ESG ризици .... 24
10. Организациска структура и надлежности .... 26
11. Преодни и завршни одредби .... 27

Врз основа на член 53 став 3 точка 35 од Статутот на ТТК БАНКА АД Скопје, Надзорниот одбор на ТТК БАНКА АД Скопје на седницата одржана на ден 26.12.2024 година донесе:

# ПОЛИТИКА ЗА ОДРЖЛИВОСТ

## 1. Вовед

Концептот на одржливост и одржлив развој и потребата од преземање конкретни активности во врска со климатските промени се присутни во јавноста веќе неколку децении. Светот се соочува со нови предизвици при обезбедувањето на долгорочната одржливост. Глобалните предизвици поврзани со климатските промени, социјалната нееднаквост, ранливоста на енергетските системи и одржливоста на социоекономското опкружување, се исклучително важни теми коишто ја засегаат секоја компанија.
Климатските промени претставуваат еден од најголемите предизвици за глобалното општество и економија. Податоците се недвосмислени и научната јавност е согласна дека е потребно преземање на итни мерки за да се одговори на постоечките, но и потенцијалните влијанија на климатските промени.

Сепак во последните години посебно по потпишувањето на Парискиот договор[1] и усвојувањето на Целите за одржлив развој од страна на Обединети нации во 2015 година, овие прашања го добија вниманието и посветеноста која ја заслужуваат.
На ниво на ЕУ, имплементирани се неколку политички мерки во рамките на Европскиот зелен договор и придружниот Акционен план за одржливо финансирање, со цел да се подобри обелоденувањето на информациите за ESG[2] од компаниите и инвеститорите, да се зголеми транспарентноста на пазарот и да се пренасочат тековите на капитал кон одржливи инвестиции. Во насока на усогласување на регулативата во Република Северна Македонија со онаа на ЕУ, а со цел да се потикне усвојувањето на цврсти стандарди за корпоративно управување и да го зголеми степенот на ESG обелоденување, Македонската Берза на хартии од вредност АД Скопје објави нов Кодекс за корпоративно управување[3] на котираните друштва и Водич за известување поврзано со животната средина, општествени прашања и управувањето (Водич за ESG).

Финансискиот сектор има важна улога во решавањето на овие состојби преку поддршка на транзицијата кон одржлива економија која ќе ги балансира социјалните, економските, како и потребите на животната средина. Финансиите, а следствено на тоа и банките како институции имаат потенцијал да ги променат животите на луѓето, да ги

---

[1] **Париски договор** - меѓународна и правно-обврзувачка спогодба по однос на климатската промена, а има за цел да го ограничи глобалното затоплување на помалку од 2 целзиусови степени над пред-индустриското ниво и да прави напори за порастот на температурата да изнесува под 1,5 степени целзиусови, во текот на 21 век.

2 се однесува на сет од критериуми кои се користат за вршење на евалуација на компанијата и нејзината одржливост, базирана на нејзините влијанија врз животната средина, општеството и практиките на управување.

[3] **Кодекс за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска Берза АД Скопје** - кодекс за корпоративно управување усвоен од Македонската берза кој се однесува на издавачите чиишто акции котираат на Официјалниот пазар на Берзата и чија цел е да промовира ефикасно и ефективно управување и отчетност кај котираните друштва.

трансформираат општествата и да придонесат за поголема вредност на сите засегнати страни.

Исто така и ТТК Банка е одлучна да придонесе кон одржлив напредок на општеството во кое постои и смета дека одржливоста треба да биде вклучена во сите аспекти на нејзиното делување, со цел креирање на трајни вредности за сите нејзини засегнати страни.

Оваа политика ги обелоденува и објаснува заложбите за одржливост и развој на "зелена економија" кои имаат за цел да придонесат кон вредноста на општеството. Наменета е за сите вработени и раководни лица на ТТК Банка, со цел да им биде од корист при нивното секојдневно работење и при процесот на планирање.
Оваа Политика е изработена во согласност со Насоките за начинот на управување со ризиците поврзани со климатските промени, Среднорочен план на активностите на Народната банка во доменот на управување со ризиците поврзани со климатските промени за периодот 2023 – 2025 година, Кодексот за корпоративно управување на котираните друштва на Македонска Берза, Водичот за известување поврзано со животната средина, општествените прашања и управувањето (Водич за ESG известувањето на котираните друштва на Македонска Берза), како и во согласност со Законот за банките и соодветната подзаконска регулатива.

## 2. Предмет, употребени термини и дефиниции

Политиката претставува основен документ во кој е вграден пристапот на Банката кон прашањата поврзани со животна средина, општествени прашања и доброто корпоративно управување.

Предмет на Политиката претставува дефинирање на целите и принципите за одржливост кои Банката ќе се стреми да ги оствари на долг рок, поставеноста на ESG ризиците во рамки на системот за управување со ризици, основните принципи на известување за напредокот и поставеноста на надлежностите во врска со ESG практиките.

За потребите на оваа Политика се користат следните термини и дефиниции:

Со оваа Политика треба да се запознаат сите вработени во Банката и да ја применуваат истатата во своето секојдневно работење и комуникација со засегнатите страни, како и при подготовка на интерни акти и внатрешно и надворешно известување.

**Антропогени емисии** се емисиите на гасови со ефект на стаклена градина, на аеросоли или на други атмосферски соединенија коишто имаат влијание врз концентрацијата на гасовите со ефект на стаклена градина или аеросолите, настанати како резултат на човечкото влијание (користење на фосилните горива, шумска сеча или

намалување на шумските површини, користење на земјиштето или пренамена на земјиштето, производство на живина, управување со отпад или индустриски процеси).

**Антропогени отстранувања** се однесуваат на повлекувањето на гасовите со ефект на стаклена градина од атмосферата настанати како резултат на човечкото влијание.

**Биолошка разновидност** (биодиверзитет) претставува севкупност на живите организми како составен дел на екосистемите, а го вклучува разнообразието во видовите, помеѓу видовите, како и разнообразието на екосистемите.

**Глобална просечна температура на површината** е проценетиот глобален просек на температурата на површинскиот воздух над копното и океаните со мраз и на температурата во првите неколку метри под површината на океаните без мраз, со промени коишто вообичаено се изразуваат како отстапувања од вредноста во одреден референтен период.

**Глобалното затоплување** е проценетиот пораст на глобалната просечна температура на површината во период од 30 години или во 30-годишен период од одредена година или деценија, изразен во однос на нивото во прединдустриските години (1850 – 1900 година), освен ако не е поинаку определено.

**Двигатели на транзициските ризици** претставуваат активностите преземени како одговор на климатските промени коишто би можеле да ги предизвикаат, да ги зголемат или да ги намалат транзициските ризици. Тие вклучуваат промени во политиките, законодавството и регулативата, промени во технологијата и во однесувањето на пазарот и на потрошувачите, при што секоја од овие промени може да го поттикне, да го забрза, да го забави или да го наруши преминот кон зелена економија и остварување одржлив развој.

**Двигатели на физичките ризици** се промените во временските и климатските услови коишто доведуваат до зголемени физички ризици и влијанија врз економијата (на пр. ризикот од поплава).

**Екологија** е научна дисциплина којашто го проучува односот на воздухот, почвата, водата, животните и растенијата во одредено подрачје или најчесто научна студија за тој однос.

**Еколошка манипулација** (англ. greenwashing) значи погрешно или неточно информирање на доверителите, инвеститорите и другите економски субјекти дека прибраните средства за финансирање или производот или услугата што ги нуди одреден субјект имаат позитивно влијание врз животната средина, а со цел субјектот да ја прошири листата на инвеститори, доверители или потрошувачи или да овозможи пристап до подобри услови за финансирање.

**Еколошки, социјални и управувачки ризици** (ризици од ЕСГ) ја претставуваат веројатноста од финансиски загуби или дополнителни трошоци, неостварување на планираните приходи или нарушување на угледот на банката поради негативното финансиско влијание на тековните или идните фактори на ЕСГ врз договорните страни на банката и врз нејзините средства.

**Еколошки, социјални и управувачки фактори** (фактори на ЕСГ) претставуваат збир на критериуми коишто се однесуваат на животната средина и екосистемите (еколошки фактори), правата, интересите и благосостојбата на луѓето и општеството (социјални фактори) и транспарентноста и законската усогласеност (управувачки фактори) и имаат влијание врз инвестициските одлуки или врз оперативното работење на субјектот.

**Економијата со затворен циклус** претставува економски систем во кој вредноста на производите, материјалите и другите ресурси се задржуваат во економијата во најдолг можен период, зголемувајќи ја ефикасноста во нивното користење во производството и потрошувачката, со што се намалува негативното влијание врз животната средина и се сведуваат на минимум отпадот и ослободувањето штетни материи во сите фази на нивниот животен циклус. Овој систем се заснова на рециклирање и рационална потрошувачка на ресурсите и претставува алтернатива на традиционалната, линеарна економија.

**Екосистем** е подрачје каде што растенијата, животните и човекот живеат заедно со окружувањето, а нивниот заемен однос може да се разгледува како систем. Границите на тој систем зависат од фокусот на интересирањето, па така големината на еден екосистем може да се движи од многу мали просторни рамки до целата планета Земја.

**Екосистемски услуги** е директното или индиректното влијание на екосистемите врз економските, социјалните, културолошките или другите користи коишто можат да ги имаат луѓето или општеството од тие екосистеми.

**Енергетска ефикасност** е соодносот на резултатот од изведувањето услуги, стоки или енергија, со внесот на енергија.

**Зелена економија** значи економија со ниски емисии на јаглерод којашто ги користи ресурсите ефикасно и во согласност со јавниот интерес.

**Зелен кредит** претставува кредитна изложеност којашто се користи за подобрување на енергетската ефикасност на домаќинствата и на корпоративниот сектор, поддршка на вложувањата во зелени технологии, материјали и слично, поддршка на вложувањата во обновливи извори на енергија, како и за контрола и/или спречување на загадувањето, заштита на животната средина, намалување на ризиците поврзани со климатските промени и слично.

**Јаглероден отпечаток** (англ. carbon footprint) е апсолутна или релативна мерка на емисијата на гасови со ефект на стаклена градина од страна на одреден субјект или дејност.

**Јаглеродна интензивност/интензитет на емисијата на јаглерод** е количината на емисиите на јаглерод диоксид (CO2) што се ослободува по единица друга променлива како што се бруто домашниот производ (БДП), потрошувачката на енергија за производството или транспортот. Една активност или процес е јаглеродно интензивна доколку има високи емисии на јаглерод диоксид во однос на одредена референтна вредност.

**Канали за пренос** се причинско-последичните врски коишто објаснуваат како двигателите на ризиците поврзани со климатските промени предизвикуваат појава на ризици коишто директно или индиректно влијаат врз работењето на банките преку нивните договорни страни, вложувањата и економијата во која работат.

**Климата** во потесна смисла на зборот обично се дефинира како просечни временски услови или како просечна вредност и променливост на површинските промени како што се температурата, врнежите и/или ветерот или други соодветни промени во временски период којшто се движи од месеци до илјадници или милиони години. Вообичаениот период за просечно мерење на овие променливи е 30 години, како што е дефинирано од Светската метеоролошка организација. Климата во поширока смисла е состојбата, вклучително и статистичкиот приказ, на климатскиот систем.

**Климатска неутралност** е состојбата во која активностите на човекот на нетоооснова немаат влијание врз климатскиот систем. Постигнувањето на ваквата состојба подразбира нето-нула емисии на јаглерод диоксид или на гасови со ефект на стаклена градина, односно состојбата во која антропогените емисии се сведуваат на нула (или речиси до нула) или во која постојната емисија на гасови со ефект на стаклена градина се неутрализира со антропогени отстранувања во точно определен временски период. Оваа состојба е позната и како јаглеродна неутралност.

**Климатска проекција** е претпоставениот одговор на климатскиот систем на сценарио за идна емисија или концентрација на гасови со ефект на стаклена градина и аеросоли, којшто вообичаено се добива со користење на т.н. климатски модели. Климатските проекции се разликуваат од климатските предвидувања по нивната зависност од употребеното сценарио за емисија, концентрација или радиоактивно зрачење, коешто се заснова на претпоставки за идните социоекономски и технолошки случувања коишто може, но не мора да се остварат.

**Климатска ранливост** е обемот на штети што може да се очекуваат при различен интензитет на физичката опасност. При утврдувањето на климатската ранливост може да

се вклучат и секундарните влијанија како што се нарушувањата на вообичаените деловни процеси предизвикани од физичката опасност.

**Климатска чувствителност** е промената на годишната глобална просечна температура на површината како одговор на промената на атмосферската концентрација на јаглерод диоксид или друго радиоктивно зрачење

**Климатски промени** се промените во просечната вредност на климата или на нејзината променливост, коишто опстојуваат во подолг временски период (обично децении или векови). Климатските промени се резултат на природни процеси, надворешни нарушувања и долготрајни нарушувања на атмосферата или во користењето на земјиштето како резултат на активностите на човекот.

**Климатски систем** се атмосферата, хидросферата, криосферата, површината на земјата и биосферата, како и нивните меѓусебни влијанија.

**Макроекономски канали** за пренос се механизмите со кои двигателите на ризиците поврзани со климатските промени влијаат врз макроекономските фактори, како што се продуктивноста на трудот и економскиот раст и со кои макроекономските фактори влијаат врз работењето на банките, преку влијанието врз економијата. Макроекономските канали за пренос ги опфаќаат и ефектите врз пазарните варијабли како што се безризичните каматни стапки, инфлацијата, стоките и девизните курсеви.

**Микроекономски канали** за пренос се механизмите преку кои двигателите на ризиците поврзани со климатските промени влијаат врз договорните страни на банките, што потенцијално влијае врз изложеноста на банките и на финансискиот систем на ризиците поврзани со климатските промени. Ова ги вклучува директните ефекти врз банките, коишто произлегуваат од влијанијата врз нивното работење и нивната способност да се финансираат. Микроекономските канали за пренос ги опфаќаат и индиректните ефекти врз финансиските средства на банките што произлегуваат од поединечни изложености (на пример вложувања во обврзници, деривати, акции).

**Обезвреднето средство** е средството коешто во одреден момент пред истекот на неговиот економски век престанува да остварува приноси како резултат на промените поврзани со транзицијата кон зелена економија.

**Оданочување на емисијата на јаглеродот** се однесува на данокот што се наплаќа во зависност од јаглеродната интензивност на одредени производи и услуги, најчесто во транспортните и/или енергетските сектори. Целта е да се намалат емисиите на јаглерод диоксид со зголемување на цената на овие производи и услуги.

**Одржливи инвестиции** се вложувањата во економска активност за која се смета дека придонесува кон остварување на целите за заштита на животната средина.

**Одржливи финансии** се однесуваат на процесот на земање предвид на климатските, еколошките и социјалните фактори при одлучувањето за финансирањето, што доведува до зголемени инвестиции во долгорочни и одржливи активности.

**Одржливост** е динамички процес којшто обезбедува отпорност на природниот систем и на човекот.

**Одржлив развој** е развојот којшто ги покрива потребите на денешната генерација без загрозување на способноста на идните генерации да ги остваруваат своите потреби и овозможува баланс помеѓу социјалните, економските и еколошките потреби.

**Пресвртна точка** е критичната точка на промени во својствата на системот, над која доаѓа до негова, честопати ненадејна реорганизација, по што системот повеќе не се враќа во почетната состојба, дури и ако двигателите на промената се намалени/не постојат. За екосистемот, оваа точка се однесува на критичниот праг на кој глобалната или регионалната клима се менува од една стабилна состојба во друга стабилна состојба.

**Приспособување на климатските промени** подразбира преземање мерки заради приспособување кон моменталните или очекуваните климатски промени и нивното влијание, заради спречување или намалување на штетите од тие промени, истовремено користејќи ги потенцијалните можности.

**Ризици поврзани со климатските промени** се ризиците од потенцијалните загуби коишто можат да произлезат од климатските промени или од напорите за ублажување на климатските промени и влијанијата поврзани со нив и нивните економски и финансиски ефекти.

**Гасови со ефект на стаклена градина** се оние гасовити состојки на атмосферата, природни и антропогени (поврзани со човекот), коишто апсорбираат и емитуваат зрачење на одредени бранови должини во рамките на спектарот на топлинското инфрацрвено зрачење што се емитува од површината на Земјата, од атмосферата и од облаците. Ова зрачење го предизвикува ефектот на „стаклена градина“. Основни гасови со ефект на стаклена градина во атмосферата на Земјата се: водената пареа (H2O), јаглерод диоксидот (CO2), диазот оксидот (N2O), метанот (CH4) и озонот (O3).

**Таксономија на одржливите економски активности** значи систем на распознавање на економските активности за коишто се смета дека придонесуваат кон остварување на целите за заштита на животната средина (одржливи економски активности) врз основа на воспоставени стандарди за утврдување на усогласеноста на економската активност со принципите на одржливиот развој и еколошките стандарди. Таквата таксономија им овозможува на инвеститорите да ги насочат ресурсите кон преминот кон економија со ниска емисија на јаглерод. Таксономијата го олеснува и системот за објавување податоци поврзани со климатските промени.

**Транзициски план** е пишан документ со кој се дефинира начинот на кој субјектот планира да ги оствари дефинираните климатски стратегиски цели и/или управувањето со транзициските ризици на долг рок.

**Транзициски ризици** се однесуваат на финансиските загуби што може да настанат за банката, директно или индиректно, како резултат на процесот на приспособување кон зелената економија и остварување одржлив развој.

**Ублажување на климатските промени** подразбира активности на човекот за намалување или спречување на емисијата на гасови со ефект на стаклена градина. Вообичаено се поврзува со целите дефинирани во Парискиот договор во однос на одржувањето на глобалното затоплување под 2℃ и преземање активности за достигнување на лимитот од 1,5℃ во однос на прединдустриските нивоа.

**Управување со ризиците поврзани со климатските промени** подразбира идентификување, мерење или оцена, контрола или намалување и следење на двигателите на ризиците поврзани со климатските промени и на нивното влијание врз останатите ризици на кои се изложени банките во нивното работење (на пример кредитниот, пазарниот, оперативниот, ликвидносниот ризик или други ризици).

**Физички ризици** се економските трошоци и финансиските загуби коишто произлегуваат од зголемената сериозност и почестата појава на: – екстремни временски настани како што се топлотните бранови, лизгањето на земјиштето, поплавите, шумските пожари и бурите (т.н. акутни физички ризици); – долгорочни постепени климатски промени, како што се промени во врнежите, екстремна временска променливост, закиселување на океаните и зголемување на нивото на морето и на просечните температури (т.н. хронични физички ризици); – индиректни ефекти од климатските промени, како што се губењето на екосистемските услуги (на пример опустинување, недостиг на вода, деградација на квалитетот на почвата или на морската екологија).

**Физичка опасност** (хазард) е потенцијална појава на настани или трендови на настани предизвикани од природата или од човекот или влијанија коишто може да предизвикаат загуба на човечки животи, повреди или други здравствени нарушувања, како и штета и загуба на имотот, инфраструктурата, средствата за живот, обезбедувањето услуги, екосистемите и еколошките ресурси.

## 3. Основни компоненти на ESG

Основните компоненти на ESG практиките се поврзани со следните области:




Животна средина - обелоденувањата за животната средина се однесуваат на прашања што произлегуваат или влијаат на природната средина. Тие опфаќаат теми како што се ублажување и адаптација на климатските промени, користење на природните ресурси и влијанија врз животната средина. Тие вклучуваат, но не се ограничени на: придонесот на друштвото кон климатските промени преку емисии на стакленички гасови; енергијата, водата и другите ресурси што ги користи; отпадот што го испушта и влијанието на неговата дејност врз природната средина и биодиверзитетот.
Е: Факторите на животната средина се фокусираат на тоа како деловниот ентитет влијае врз планетата, вклучувајќи го и нејзиниот јаглероден отпечаток, користење на ресурси и посветеност на одржливост.

Општествени прашања - објавите од општествен интерес се однесуваат на правата, благосостојбата и интересите на луѓето и заедниците. Се однесуваат на тоа како друштвото влијае врз луѓето и заедниците со кои има интеракција – вработените, клиентите, добавувачите и другите засегнати страни – и како тие за возврат влијаат врз друштвото. Тие вклучуваат, но не се ограничени на прашања како работни услови, здравје и безбедност, различност и инклузија, почитување на човековите права и влијание врз локалните заедници.
S: Социјалните фактори гледаат на тоа како деловниот ентитет ги третира своите вработени, клиенти и заедници, како и нејзиното влијание врз општеството во целина.

Корпоративно управување – претставува систем на правила, процедури и контроли според кои работи друштвото. Друштво со цврсти структури на корпоративно управување е дефинирано со професионален менаџмент, добро структурирани органи на управување и надзор и организирани системи и процеси. Тие за возврат ги намалуваат и ублажуваат ризиците, но и обезбедуваат одлуките да бидат во согласност со интересите на друштвото и на акционерите. Се опфаќаат прашања како структура и надомест на органите на управување и надзор, акционерски права, работна етика и борба против корупцијата, како и приватност и безбедност на податоците, меѓу другото.

G: Управувањето се однесува на структурата и практиките на раководството на деловниот ентитет, вклучувајќи разновидност на одборот, извршна компензација и права на акционерите.

## 4. Основни цели на одржливо работење на ТТК Банка

Во време на забрзани промени на глобалната сцена, како резултат на процесите на глобализација, дигитализација, иновација, климатските промени, економска и енергетска криза и геополитички тензии, активностите и целите на ТТК Банка постојано еволуираат. Во таа смисла, ТТК Банка во остварувањето на своите цели ги зема предвид и промените во општеството, домашната економија и трендовите во глобалната економија. Во моментов, промените во надворешното и домашното окружување се одвиваат побрзо отколку порано, што наметнува потреба за нивно навремено препознавање и соодветно приспособување во работењето.

Во среднорочната стратегија се вградени традиционалните цели поврзани со одржување на оптимална структурна ликвидност, одржување задоволително ниво на адекватност на капиталот, континуирано подобрување на трошковната ефикасност, обезбедување задоволително ниво на добивка од редовни активности кое ќе обезбеди остварување на планираната профитабилност, континуирано обезбедување услови за мотивирање и задржување на вработените, но со ставање акцент на предизвиците и на новите трендови коишто ќе бидат присутни во овие сфери во наредниот среднорочен период.

**Една од основни приоритетни цели на Банката предвидени во Деловната Политика на ТТК Банка е унапредување на доброто корпоративно управување во Банката и на практиките за одржлив развој поврзани со заштита на животната средина и вклученост на заедницата.**

Корпоративната одржливост на Банката претставува можност да се постигнат очекувањата на сите акционери и да се исполнат обврските и во иднина. За таа цел, Банката постојано одржува рамнотежа помеѓу здравата профитабилност и исполнувањето на потребите на клиентите, преку поддршка на нивните деловни потреби, станувајќи партнер од доверба и во исто време покажувајќи свесност за општеството со поттикнување на одговорно однесување.

Во таа смисла, основните цели кои Банката се стреми да ги исполни се:

- Зголемување на свеста на сите засегнати страни за климатските промени, почитување на човековите права и останатите фактори на одржливост;
- Управување со активностите кои имаат директно влијание врз животната средина, општествени аспекти и корпоративното управување во насока на обезбедување долгорочно одржливо работење;
- Управување со ризиците поврзани со одржливост кои произлегуваат од животната средина, општествените и управувачки фактори и
- Транспаретно, навремено и точно известување за аспектите поврзани со ESG.

## 4.1. Засегнати страни

Со цел правилно да ја постави својата ESG стратегија, Банката треба добро да ги познава своите засегнати страни. Ова се сите оние поединци, групи и организации кои се погодени од активностите на Банката и кои влијаат или можат да влијаат на Банката и нејзините активности.

Засегнати страни од аспект на одржливоста се групи и индивидуи кои се засегнати од делувањето и перформансите на Банката (од дејноста, производите или услугите на деловниот ентитет) или за чии активности може да се очекува да влијаат врз способноста на деловниот ентитет да ги спроведе своите стратегии или да ги постигне своите цели. Преку нивна идентификација, Банката ги афирмира своите одговорности по однос на импактот кој преземените активности го имаат кон општеството и животната средина.
Засегнатите страни се разликуваат помеѓу себе по нивоата и видовите на поврзаност со Банката. Од клучно значење е да се воспостави процес на двонасочна комуникација со нив, со цел да се разгледаат нивните ставови и очекувања и истите да се инкорпорираат во целите на одржливост на Банката. Преку ваков инклузивен процес ќе се додели поголема одговорност на процесот на одлучување и долгорочното планирање.
Приказ на засегнатите страни на ТТК Банка:




Банката на редовна основа активно соработува и комуницира со голем број засегнати страни. Од нив, како најзначајни за своето работење Банката ги издвојува: вработените, раководството, клиентите, акционерите, инвеститорите, добавувачите, државните институции и заедницата, медиуми и други банки. Комуникацијата со засегнатите страни се остварува преку поголем број различни канали на комуникација и истата се одвива на различни хиерархиски нивоа и преку повеќе огранизациони единици во Банката, во зависност од видот на засегнатата страна, потребите и природата на настанот кој се комуницира.

Банката има воспоставено соодветни канали на комуникација со засегнатите страни и постојано работи на нивно унапредување со цел остварување ефективна двонасочна комуникација на редовна основа. Во табелата подолу е даден приказ на идентификуваните засегнати страни и на главните канали на комуникација преку кои Банката е во редовна комуникација со истите.

| Засегнати страни | Опис на засегнати страни | Канали на комуникација |
|---|---|---|
| **Вработени и раководство** | Вработените во Банката претставуваат засегната страна кое е од клучно значење за Банката. Тие се одговорни за секојдневните активности, како и за остварувањето на нашите стратешки цели. Преку политиките, процедурите и компаниската култура и управување, Банката влијае врз мотивацијата на вработените, нивната ангажираност и способност да ги задржи. Вработените, користејќи ги своите вештини, знаења и професионален однос имаат импакт врз задоволството на клиентите и нивната лојалност, истовремено придонесувајќи круцијален фидбек кон напредокот на Банката. Тие ги промовираат производите на своите лични и професионални контакти, со што влијаат врз репутацијата и пазарната позиција на Банката. Раководството е одговорно за насочување и управување со активностите, стратегијата и перформансите на Банката. Тоа го остварува своето влијание преку корпоративната структура, култура и политика на наградување, додека Банката истото го овозможува преку креирање на механизми и соодветна околина во која одлуките на раководството се реализираат во согласност со стратешките насоки. Ефективниот менаџмент треба да придонесе кон иновација, оперативна успешност, високо ниво на морал на вработените, што резултира со задоволство на клиентите. Во интерес на Банката е да привлече и задржи талентирани и искусни раководни кадри, со тоа што ќе им овозможи отворен простор за развој и иновација. | · Обуки и стручно усовршување<br>· Известувања преку електронска пошта<br>· Објави на веб-страница и социјални мрежи<br>· Интерактивни состаноци<br>· Евалуации на вработени<br>· Заштитено внатрешно пријавување |
| **Клиенти** | Клиенти на Банката се физички лица, компании или организации кои ги користат нашите производи и услуги. Способноста на Банката да ги привлече и задржи клиентите е од огромна значајност по однос на своите финансиските резултати, репутација и позиција на пазарот. Банката влијае на своите клиенти преку достапноста, квалитетот и цената на своите услуги и производи, како и преку својата репутација и грижа за клиентите. Од друга страна, клиентите имаат директно влијание врз Банката преку нивните депозитни и кредитни активности, кои претставуваат извор на финансирање, односно можност за заработка преку провизии и каматни приходи. | · Мрежа на експозитури и филијали<br>· Известувања преку СМС пораки и електронска пошта<br>· Веб-страница и социјални мрежи<br>· Електронска адреса и форма на web-страница и сандачиња во експозитури за прашања, сугестии, пофалби и поплаки<br>· Маркетинг и рекламирање<br>· Финансиска едукација<br>· Пријави од укажувачи |
| **Акционери** | Банката е акционерско друштво чии акции котираат на Македонска Берза. Банката на редовна основа комуницира со своите акционери и потенцијални инвеститори и транспаретно известува во согласност со законските прописи. Акционерите и овозможуваат на располагање на Банката потребен капитал за делување и развој. Влијанието врз акционерите примарно се остварува преку финансиските резултати, профитабилноста на Банката и повратот на капиталот. Тие имаат одредени очекувања за поврат на нивната инвестиција преку дивиденди или раст на капиталот, а способноста на Банката конзистентно да испорачува атрактивни приноси на своите акционери е од големо значење за привлекување и задржување на инвеститорите. Акционерите имаат влијание врз Банката преку нивните барања за промени на стратегијата, менаџментот или дивидендната политика. Банката секогаш се труди да одржува силна врска со своите акционери и да ги информира за своите резултати, стратегии и иницијативи. | · Електронска пошта,<br>· Известувања и објави на веб-страница<br>· Лице за контакт со акционери/инвеститори<br>· Редовни објави на веб-страницата на Берзата |
| **Добавувачи** | Добавувачите и партнерите на Банката и нудат на располагање различни услуги и материјали кои се потребни во секојдневните процеси. Банката одржува транспарентна комуникација со своите партнери и им ги предочува своите очекувања од аспект на заедничката соработка, како и заложбата за усогласеност со регулативите. Одговорноста и сигурноста на добавувачите од една страна и градењето и одржувањето на позитивни односи со нив од друга страна, е од високо значење за унапредување на оперативната ефикасност, намалување на трошоците и создавањето на иновации. | · Телефонска и електронска комуникација<br>· Онлајн и состаноци со физичко присуство<br>· Можност за заштитено пријавување |
| **Држава и други банки** | Државата го регулира банкарскиот сектор и формира тела, носи закони, прописи и упатства кои влијаат на активноста на Банката, нејзината профитабилност и долгорочна стратегија. Банката ќе се придржува и усогласува со законските барања и со своето одговорно делување ќе придонесува кон економијата преку креирање на работни места, сервисирање на своите даночни обврски и економски развој. Позитивниот однос со државата и нејзините органи ќе овозможи создавање на взаемна доверба и поддршка во различните сфери на влијание. Конкурентските банки се засегната страна, бидејќи тие ја вршат својата дејност во истиот пазарен сегмент како Банката и се трудат да ги придобијат истите клиенти и ресурси. Влијанието на Банката врз конкуренцијата се остварува преку својата репутација и компетитивна понуда. Банката треба да создава компетитивна предност преку развој на иновативни производи и услуги, како и преку одржување на веќе стекнатата доверба, одговорност и однос со клиентите. Од друга страна, конкуренцијата има значајно влијание кое се реализира преку маркетинг и ценовна стратегија и понудата на производи. | · Доставување мислења и учество во работни групи за законска регулатива<br>· Учество на настани, дебати и состаноци<br>· Телефонска и електронска комуникација |
| **Заедница** | Заедницата, како и нејзината перцепција кон Банката е од големо значење. Таа ја нуди на располагање својата база на клиенти, потенцијални вработени и околина во која Банката ги врши своите деловни активности. За возврат, Банката ги нуди своите производи и услуги, со што придонесува кон економски раст, креирање на работни места и финансиска инклузија на заедницата. Преку активно присуство во заедницата, поддршка на нејзините иницијативи и проекти, посветеност кон општествена одговорност и искрен пристап при решавање на отворените прашања во околината, Банката создава позитивен имиџ и репутација. | · Мрежа на експозитури и филијали<br>· Финансиска едукација<br>· Корпоративна општествена одговорност |

## 4.2. Еколошки прашања и влијание врз животната средина

**Факторите за животна средина** се однесуваат на влијанието на компанијата врз околината, вклучувајќи ги и употребата на природни ресурси, емисија на стакленички гасови, управување со отпад и загадување. Овие теми се од сѐ поголема важност, бидејќи влијанијата од климатските промени стануваат се поочигледни. Друштвата кои демонстрираат високо ниво на практики за зачувување на животната околина имаат поголеми изгледи да се здобијат со компетитивна предност преку намалување на трошоците користејќи поефикасни методи и процеси на експлоатација на ресурсите. На тој начин се подобро позиционирани да ги исполнат растечките барања на клиентите и регулаторите за одржливи производи и услуги.

Во тој контекст, заштитата на околината и фокусот на „зелен раст" и неговото финансирање, сѐ повеќе стануваат дел од политиките на банките. Затоа, ТТК Банка АД Скопје, во насока на усогласување со регулативата и заради очекувањата на пазарот, го приспособува својот деловен модел со практикување на одржливи мерки на управување. Како општествено одговорна институција, Банката е посветена на активности кои имаат за цел да дадат придонес кон создавањето „зелена" и одржлива економија, што во крајна линија придонесува за унапредување на квалитетот на животот на граѓаните и подобрување на нивниот животен стандард.

Дел од мерките и активностите во поглед на зачувувањето на животната средина вклучуваат и рационално користење на електрична енергија, кој меѓу другото вклучува препораки за рационално користење на осветлувањето, уредите за греење и ладење и останатите уреди, вклучително и промена на грејни тела заради поекономично греење и ладење со што се постигнува заштеда, односно намалување на потрошувачката на електрична енергија. Банката инсистира на континуирано подобрување на своите интерни процедури со цел да ја зголеми ефикасноста и да заштеди ресурси (особено хартија) секогаш кога е можно. Оптимизираното управување со печатење документи не значи само заштеда на хартија. Преку употреба на енергетски ефикасни мултифункционални печатачи се влијае на намалување на трошоците во однос на потрошувачката на тонер и енергија.

Банката работи на континуирано подобрување на своите производи, услуги и деловни процеси, со цел да ги направи што е можно покомпатибилни со начелата на ESG. Фокусот и понатаму ќе биде на подигање на свеста за овие важни теми, како кај вработените така и кај клиентите.

## 4.3. Прашања од општествен интерес

**Факторите за општествени прашања** го отсликуваат целокупниот импакт на компанијата врз општеството, вклучувајќи ги и работниите односи, човековите права и односите во општествената средина. Клиентите се позадоволни доколку користат производи и услуги од компании кои се грижат за своето влијание врз општеството. Таквите компании имаат поголема веројатност да ги задржат своите најдобри вработени, со кои ги споделуваат истите општествени вредности.

Корпоративната општествена одговорност е фундаментална вредност на ТТК Банка АД Скопје, којашто интегрира социјална, хумана и етичка димензија. Посветеноста на ТТК Банка АД Скопје кон достојно спроведување на стратегијата за општествена одговорност придонесува Банката да оствари позитивни и успешни резултати во подигнување на свесноста за Банката, за градење имиџ на општествено одговорна компанија, како и кон остварување многубројни позитивни придобивки за заедницата.

Банката традиционално ги поддржува спортот и културата, како важни столбови на секое општество. Преку помош, донации и спонзорства на спортски клубови и здруженија, како и истакнати културни институции и настани, се залага за промовирање на вистинските вредности кои ги зајакнуваат и облагородуваат поединците, а со тоа и целото општество. Со желба да придонесе во едукацијата за создавањето навики коишто водат кон здрава и сигурна иднина, Банката организира дружење со деца од градинки и училишта во филијалите и експозитурите на Банката ширум земјата. ТТК Банка АД Скопје континуирано работи на промоција на штедењето како важна животна навика и значаен дел од планирањето на материјалната сигурност и иднина. На своите корисници им овозможува едуцирање преку електронски едукативни материјали за управувањето со личните финансии, користењето платежни картички, предностите на современите дигитални услуги поврзани со платежна сметка преку интернет или преку мобилна апликација, како и за актуелната понуда на атрактивните финансиски производи и услуги на Банката.

Банката активно дејствува во насока на ширење на свеста за значењето на финансиската писменост на децата и младите, збогатување на знаењата за финансиските производи и услуги и создавање здрави финансиски навики. Како дел од активностите и мерките за финансиска инклузија, Банката нуди широка достапност и функционалност на деловната мрежа со цел да овозможи подостапни услуги на фреквентни локации во кое било време во согласност со потребите на корисниците. Со достапноста на дигиталните производи и услуги Банката дава поддршка на современиот начин на живот и потребата за брзи и ефикасни услуги што значајно придонесува и за зачувување на животната средина.

ТТК Банка АД Скопје ја почитува заштитата на меѓународно признатите човекови права, ги поддржува основните човекови права на своите вработени и очекува нејзините добавувачи, партнери и други лица кои обезбедуваат услуги во име на Банката да се придржуваат до истите високи стандарди. Банката ги вреднува и поддржува различностите. Забраната за дискриминација по кој било основ е апсолутен предуслов и темел на пристапот на Банката за одговорност во работното окружување. Со тоа, Банката

применува начело на обезбедување еднакви можности коишто се однесуваат на сите фази од работниот однос.

### 4.4. Прашања од доменот на корпоративното управување

**Факторите за корпоративно управување** се концентрираат на начинот на однесување на друштвата, практиките, политиките, како и структурата на менаџментот. Истите вклучуваат прашања околу составот на управниот и надзорниот одбор, надоместоците на раководните лица, спречување на корупција и судир на интереси, како и заштитено укажување. Компаниите кои практикуваат одговорно корпоративно управување имаат поголема транспарентност кон своите акционери и на тој начин ја зголемуваат нивната доверба.

Одговорното однесување е императив за ТТК Банка АД Скопје. Банката редовно и навремено ги ажурира и транспарентно ги објавува податоците и информациите поврзани со работењето. Поставувањето ефикасен систем на корпоративно управување позитивно влијае на: јакнењето на довербата кај соработниците, корисниците и вработените во Банката, зголемување на транспарентноста на работењето, јасната организациска структура како и ефикасните системи на следење и контрола на ризиците.

Кодексот за корпоративно управување на Банката ги опфаќа правилата за надзор и раководење во Банката со цел да се воспостават, одржуваат и унапредуваат правилата и стандардите за корпоративното управување во Банката засновани на постојната важечка законска и подзаконска регулатива и интерните акти на Банката кои ја сочинуваат корпоративната култура и вредности на Банката, со цел ефикасно и одговорно управување со Банката и намалување на ризикот во работењето, како и транспарентност на работењето на Банката.

Банката применува Етички кодекс кој формулира јасни и недвосмислени насоки и барања за етичко однесување, постапување и делување, како за вработените и менаџментот, така и за сите лица кои на соодветен начин се поврзани со Банката, во насока на заштита на вредностите на Банката. Вредностите и однесувањата се темелат врз начелата на законитост, интегритет, одговорност и непристрасност, професионалност и доверливост. Работењето на законит, етички и одговорен начин е клучниот дел на корпоративната култура во Банката. Професионалноста и посветеноста на вработените, транспарентното и етичкото постапување, ориентираноста кон клиентите, долгорочната лојалност на клиентите, одговорни и одржливи деловни практики, заедно со почитување на начелата на нулта-толеранција на корупцијата и поткупот, се едни од клучните елементи на овој кодекс.

Банката ја препознава важноста на одговорното управување со човечките ресурси и потенцијалот на вработените и се стреми да обезбеди работна средина во која вработените ќе бидат задоволни и ќе можат да ги остварат своите највисоки нивоа на индивидуална продуктивност остварувајќи ги деловните цели на Банката. Пристапот во

развојот на вработените опфаќа обуки и стручно усовршување, адекватно планирање на ресурсите, идентификување на клучни кадри, начела на наградување и останати бенефиции за вработените, како и унапредување. Банката се грижи и за безбедноста и здравјето на работното место и за социјална поддршка на своите вработени, при што овој дел е подетално регулиран со посебни интерни акти.

ТТК Банка АД Скопје поддржува култура во која сите вработени можат слободно да укажат на неприфатливи практики и несоодветно однесување. За таа цел е донесен Правилник за заштитено пријавување преку кој им се овозможува на вработените да укажат на потенцијалните ризици поврзани со сериозни неправилности (вклучувајќи неетичко, незаконски, корумпирано и друго несоодветно однесување). Ваквите извештаи секогаш се третираат како строго доверливи, детално анализирани и со должно внимание.

Банката работи во согласност со својата Политика за идентификување и спречување судир на интереси со која се дефинирани општите правила и генерални насоки за идентификување, избегнување и спречување судири на интереси, како и за преземање мерки и активности во случаите кога постои судир на интереси. Политиката е обврзувачка за лицата со посебни права и одговорности во Банката и за сите вработени во Банката. Конзистентната примена на оваа политика овозможува навремено идентификување на судирите на интереси и преземање соодветни мерки и активности во случаите на постоење судир на интереси.

Политиката за наградување е усогласена со Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банка и е во линија со Развојниот план и Деловната Политика на Банката, нејзините вредности, цели и долгорочни интереси. Исто така, Политиката содржи мерки за избегнување и минимизирање на судирите на интерес или какво било негативно влијание врз солидното, прудентно и добро управување со ризиците, како и за превенција на прекумерното преземање ризици.

## 5. Глобални цели на одржливост

Освен следењето на сопствените цели и корпоративни вредности, Банката во своето работење настојува да даде свој придонес и да биде усогласена со одредбите од глобални и национални иницијативи и стратешки документи:

Во септември 2015 година, земјите-членки на Обединетите Нации (ОН) се согласија со Целите за одржлив развој (SDGs), универзален збир на цели и индикатори кои ги дефинираат приоритетите и аспирациите за глобалниот одржлив развој за 2030 година. Целите повикуваат на светска акција од страна на владите, бизнисот и граѓанското општество за да се стави крај на сиромаштијата, да се заштити планетата и да се обезбеди просперитет за сите.

Бизнисот има важна улога во справување со предизвиците за одржлив развој, заедно со делувањето и соработката на сите други учесници во општеството. Целите ги охрабруваат друштвата да го намалат нивното негативно влијание, истовремено зголемувајќи го нивниот позитивен придонес во агендата за одржлив развој.

Глобалните цели за одржлив развој се глобален повик за акција да се стави крај на сиромаштијата, да се заштити животната средина и климата и да се обезбеди сите луѓе да уживаат во мир и просперитет. Ова се целите на кои Обединетите нации работат во Северна Македонија:




Агендата 2030 за одржлив развој ги дефинира следните Цели за одржлив развој:

**SDGs 1** - Да се стави крај на сите форми на сиромаштија секаде во светот;

**SDGs 2** - Да се стави крај на гладта. Храната да биде сигурна, да и се подобри нејзината нутритивна вредност и да се промовира одржливо земјоделство;

**SDGs 3** - Да имаме здрав живот и благосостојба кај сите возрасни категории;

**SDGs 4** -Да се обезбеди инклузивно, еднакво и квалитетно образование за сите и да промовираме можности за учење во сите стадиуми на животот;

**SDGs 5** - Да се постигне родова еднаквост и да ги зајакнеме сите жени и девојки;

**SDGs 6** -Да се обезбеди достапност и одржлив менаџмент на вода и канализација за сите.;

**SDGs 7** - Да се обезбеди пристап до пристапна, одржлива и модерна енергија по пристапна цена за сите;
**SDGs 8** - Промовирање на одржлив и инклузивен економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите;
**SDGs 9** - Изградба на издржлива инфраструктура, промовирање инклузивен и одржлива индустријализацијата и поттикнување иновации;
**SDGs 10** - Намалување на нееднаквоста меѓу земјите и внатрешно во нив;
**SDGs 11** - Да ги направиме градовите и домовите инклузивни, сигурни и одржливи;
**SDGs 12** - Да се обезбеди одржлива потрошувачка и производство;
**SDGs 13** - Итно да се преземат мерки против климатските промени и нивното влијание;
**SDGs 14** - Штедливо и одржливо користење на океаните, морињата и други морски ресурси во насока на одржлив развој;
**SDGs 15** - Да се заштити, обнови и промовира одржлива употреба на копнените екосистеми, одржливо менаџирање на шуми, намалување на опустинување, запирање на деградација на земјиштето и запирање на уништувањето на биолошката разновидност;
**SDGs 16** - Промовирање на инклузивни општества на мирот за одржлив развој, да се обезбеди правда за сите и градење на ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа;
**SDGs 17** - Зајакнување на имплементацијата и ревитализирање на глобалното партнерство за одржлив развој.

## 6. Мапирање на 17 Глобални цели со ESG критериумите

Мапирањето на 17 Глобални цели за одржлив развој (СДГ - Sustainable Development Goals, SDGs) со ЕСГ критериумите (еколошки, социјални и управувачки аспекти) помага да се идентификува како конкретни политики и практики можат да поддржат глобалните цели за одржливост. Следниве мапирања ги поврзуваат целите за одржлив развој со одговорните ЕСГ критериуми:



## 7. Столбовите и рамките на Глобалните цели:

Агендата за одржлив развој до 2030 година ги истакнува критичните обврски за човештвото и планетата преку 17-те Цели за одржлив развој. Секоја цел има специфични цели дизајнирани да стимулираат акција од 2015 до 2030 година.

Агендата нагласува **пет клучни столбови:**

**столб 1: Луѓе**

Цел: Да се стави крај на сиромаштијата и гладот во сите форми.

Посветеност: Да се обезбеди достоинство, еднаквост и здрава животна средина за сите.

Релевантни Милениумски развојни цели: Цели 1 (Да се стави крај на сите форми на сиромаштија секаде во светот), Цели 2 (Да се стави крај на гладта), Цели 3 (Да имаме здрав живот и благосостојба кај сите возрасни категории).

**столб 2: Земјата**

Цел: Заштита на планетата од уништување/загадување.

Посветеност: Промовирање на одржлива потрошувачка и производство, управување со природните ресурси и решавање на климатските промени.

Релевантни Милениумски развојни цели: Милениумски развојни цели 12 (Да се обезбеди одржлива потрошувачка и производство), Милениумски развојни цели 13 (Итно да се преземат мерки против климатските промени и нивното влијание), Милениумски развојни цели 14 (Штедливо и одржливо користење на океаните, морињата и други морски ресурси во насока на одржлив развој), Милениумски развојни цели 15 (Да се заштити, обнови и промовира одржлива употреба на копнените екосистеми, одржливо менаџирање на шуми, намалување на опустинување, запирање на деградација на земјиштето и запирање на уништувањето на биолошката разновидност).

**столб 3: Просперитет/Развој**

Цел: Да се обезбеди просперитет/развој за сите.

Посветеност: Постигнување на економски, општествен и технолошки напредок во хармонија со природата.

Релевантни Милениумски развојни цели: Милениумски развојни цели 8 (Промовирање на одржлив и инклузивен економски раст, целосно и продуктивно вработување и пристојна работа за сите), Милениумски развојни цели 9 (Изградба на издржлива инфраструктура, промовирање инклузивен и одржлива индустријализацијата и поттикнување иновации).

**столб 4: Мир**

Цел: Поттикнување на мирни, праведни и инклузивни општества.
Посветеност: Промовирање на мирот и безбедноста, без страв и насилство.
Релевантни Милениумски развојни цели: Милениумски развојни цели 16 (Промовирање на инклузивни општества на мирот за одржлив развој, да се обезбеди правда за сите и градење на ефективни, отчетни и инклузивни институции на сите нивоа;).

**столб 5 Партнерство**

Цел: Мобилизирање на ресурси и изградба на глобални партнерства.

Посветеност: Зајакнување на глобалната солидарност, фокусирајќи се на потребите на најсиромашните и најранливите.

Релевантни Милениумски развојни цели: Милениумски развојни цели 17 (Зајакнување на имплементацијата и ревитализирање на глобалното партнерство за одржлив развој)

## 8. Посветеноста на ТТК Бака кон целите за одржлив развој

Преку преземање на активности за реализација на претходнонаведените цели, Банката ќе се стреми да даде придонес и кон остварувањето на некои од Глобални целите за Одржлив Развој на ОН. Иако сите 17 цели се меѓусебно поврзани и релевантни, ТТК Банка идентификува неколку области каде што може да придонесе во имплементација на Целите за оржлив развој и да го минимизира негативното влијание што би можеле да го имаме врз нив.

Цели и таргети врз кои Банката би имала влијание преку својата политика за одржливост се следните:




**Постигнување на родова еднаквост- Банката е посветена на овозможување** дека сите индивидуи, независно од нивниот пол, ќе имаат еднакви можности, достапност до ресурси и еднаков третман во сите аспекти од животот, вклучувајќи го и работното место. Промоцијата на диверзитет и инклузивност го подобрува процесот на одлучување како и перформансите на ограницазијата, додека истовремено влијае на намалување на полово-базираната дискриминација и насилство, кои сеуште се важни општествени теми.




**Обезбедување универзален пристап до прифатлива, сигурна, одржлива и модерна енергија - Финансирање на проекти за користење на обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност.** Со инкорпорирање на можности за финансирање на развој и користење на обновливи извори на енергија (ОИЕ) ќе се придонесе кон намалување на испуштањето на штетните стакленички гасови во атмосферата, намалување на зависноста од фосилни горива и нивните нестабилни пазарни услови и транзиција кон зелена економија. Понудата на производи за зголемување на енергетската ефикасност ќе им помогне на физичките и правните лица да ги намалат трошоците за енергија и да ја зголемат својата ефикасност, а истовремено ќе ја афирмира заложбата за чиста средина и одржливо општество. Обновливата енергија се базира на енергетски извори кои природно се надополнуваат, односно се непотрошни и не придонесуваат кон климатските промени. Најчесто користени обновливи извори на енергија се сончевата, хидро-енергијата и енергијата добиена со помош на ветрот.




**Промовирање на инклузивен и одржлив економски развој, целосна и продуктивна вработеност и пристојна работа за сите Финансиска инклузија.** Финансиската инклузија се однесува на овозможување на пристап до финансиски услуги како што е банкарството, на физички и правни лица кои се генерално исклучени од традиционалниот финансиски систем. Со финансиската инклузија се влијае кон економскиот развој преку понуда на финансиски производи на мали компании и претприемачи, креирање можности за микрофинансирање, инвестирање во технологии кои би овозможиле полесен пристап до производите, како и овозможување соодветна финансиска едукација за одредени групи на клиенти. Поддржувањето на човековите права и правата на вработените придонесува за промовирање на социјална права и еднаквост преку обезбедување на фер и достоинствен однос на работното место.

Понатаму, оваа цел промовира економски развој и стабилност, преку креирање на здрава и продуктивна работна атмосфера, а истовремено гради доверба и повисока репутација кај засегнатите страни преку демонстрирање на посветеност кон социјална и општествена одговорност. Банката ќе ги постигне целите за достоинствена работа преку примена на политики и процедури кои поддржуваат правични односи кон вработените, грижа за нивната благосостојба, безбедни и здрави работни услови и можност за диверзитет и инклузивност.




**Намалување на нееднаквоста во и меѓу земјите.** Банката се грижи за рамномерна распределба на кредитирање и поддршка на бонитетни проекти на различни категории на клиенти во сите региони од државата, како и имплементација на општествено одговорни и хуманитарни проекти и активности со цел да се помогне на ранливите категории на граѓани и лица со помалку можности.




**Одржливи модели на потрошувачка и производство.** Банката ја поддржува транзицијата кон економија со ниска емисија на јаглерод и циркуларна економија. Банката развива одржливи банкарски производи и услуги кои одговараат на низа општествени и еколошки предизвици. Исто така, се стреми да го ублажи нејзиното негативно влијание врз животната средина преку одржливо користење на енергијата, хартијата, водата, мобилноста и отпадот, како и со намалување на емисија на стакленички гасови.




**Преземање итни мерки против климатските промени и нивните влијанија.** Банката придонесува и се стреми кон зголемување на капацитетите на обновливи извори на енергија, финансиски поддржува технологии за замена на постојна опрема, материјали и работни процеси заради намалување на јаглеродни емисии, проекти за заштита и позитивно влијание врз животната средина.

Цели и таргети врз кои Банката би имала влијание преку својата политика за одржливост мапирани со ЕСГ критериумите се поврзани со три главни аспекти: еколошки, социјални и управувачки фактори. Овие критериуми ја дефинираат стратегијата на Банката во насока на поддршка на одржливи финансиски активности, поттикнување на позитивни социјални промени и обезбедување на транспарентно и ефикасно управување.



## 9. Управување со ESG ризици

**Еколошките, социјалните и управувачките ризици** (ризици од ЕСГ) ја претставуваат веројатноста од финансиски загуби или дополнителни трошоци, неостварување на планираните приходи или нарушување на угледот на Банката поради негативното финансиско влијание на тековните или идните ЕСГ фактори врз договорните страни на Банката и врз нејзините средства.

Активното управување со овие ризици е од основно значење за нивно навремено идентификување и преземање соодветни активности за намалување или ублажување на негативните влијанија. Тоа подразбира оценување на материјалноста на влијанието на ризиците, соодветно вградување на овие ризици во прифатливото ниво на ризик на банката, дефинирање лимити, обезбедување соодветни постапки и правила за управување со ризиците, особено во однос на нивното идентификување, мерење и следење, како и вградување на овие ризици во управувањето со другите ризици за кои е оценето дека се или можат да бидат под нивно влијание. Воедно, управување со овие ризици подразбира и нивно соодветно вклучување во ПИК и ПИЛ и во стрес-тестирањето коешто го врши Банката, како и унапредување на информативниот систем на Банката заради обезбедување информации и податоци коишто се потребни за навремено известување на вработените и органите на Банката вклучени во управувањето со ризиците.

Воспоставувањето соодветна организациска поставеност на управувањето со ризиците подразбира и дефинирање на надлежностите на органите на Банката и на лицата вклучени во управувањето со ризиците, како и јасно разграничување на надлежностите и одговорностите помеѓу лицата и организациските единици коишто вршат активности поврзани со преземањето на ризиците и лицата и организациските единици коишто вршат активности поврзани со управувањето со ризиците.

**Ризиците поврзани со еколошките фактори** (или факторите на животната средина) се ризици поврзани со квалитетот и функционирањето на животната средина и екосистемите, вклучувајќи ги и факторите поврзани со активностите коишто се преземаат заради остварување на однапред дефинираните еколошки цели. Како еколошки фактори се сметаат климатските промени, биолошката разновидност, потрошувачката на енергијата, загадувањето, управувањето со отпадот и слично.

Ризиците поврзани со климатските промени се најзначајниот дел од еколошките ризици, коишто претставуваат потенцијални ризици што можат да произлезат од климатските промени или од напорите за ублажување на климатските промени и со нив поврзаните влијанија и нивните економски и финансиски ефекти.

Управување со ризиците поврзани со климатските промени подразбира идентификување, мерење или оцена, контрола или намалување и следење на двигателите на ризиците поврзани со климатските промени и на нивното влијание врз останатите ризици на кои се изложени банките во нивното работење.

Изложеноста на Банката на ризиците поврзани со климатските промени може да се мери преку нивното влијание врз останатите ризици, како што е кредитниот, пазарниот, ликвидносниот, оперативниот и репутацискиот ризик, при што изложеноста на климатски промени е преку микроекономски и макроекономски канали на пренос кои произлегуваат од два типа на фактори на климатски ризик:

1) *Физички ризици* се економски трошоци и финансиски загуби коишто произлегуваат од зголемената сериозност и почестата појава на:
   - екстремни временски настани како што се топлотните бранови, лизгањето на земјиштето, поплавите, шумските пожари и бурите (т.н. акутни физички ризици);
   - долгорочни постепени климатски промени, како што се промени во врнежите, екстремна временска променливост, закиселување на океаните и зголемување на нивото на морето и на просечните температури (т.н. хронични физички ризици);
   - индиректни ефекти од климатските промени, како што се губењето на екосистемските услуги (на пример опустинување, недостиг на вода, деградација на квалитетот на почвата или на морската екологија).

2) *Транзициски ризици* се однесуваат на финансиските загуби што може да настанат за Банката, директно или индиректно, како резултат на процесот на прилагодување кон зелената економија и остварување одржлив развој.

**Ризиците поврзани со социјалните фактори** (или факторите за општествени прашања) се ризици поврзани со почитување на правата, интересите, инклузијата, еднаквоста во работните односи, грижа за благосостојбата, здравјето, безбедноста при работа на луѓето и општеството. Социјалните фактори можат да се групираат во пет области[4]:

1) Заедница / општество - влијание врз локалната заедница особено врз економски и социјално неразвиените делови, влијание на производите и услугите во руралните средини и слично;
2) Вработени / услови за работа – синдикални права, минимална плата, принудна работа, работа на деца, родова еднаквост, еднаквост во наградувањето, дискриминација, обуки и можности за развој, здравје и безбедност при работа;
3) Односи со клиентите - заштита на потрошувачите, заштита на личните податоци, право на клиентите за добивање податоци поврзани со ЕСГ факторите, квалитет на односите со клиентите;
4) Човекови права – придонесување кон човековите права мерено преку вклученост во социјални проекти, поддршка на човековите права, број на инциденти поврзани со кршењето на човековите права и слично;

[4] Поделба на социјалните и управувачките фактори согласно со Извештајот на Европскиот банкарски орган за управувањето и супервизијата на ризиците од ЕСГ кај кредитните институции и ивестициските фирми (EBA Report on Management and Supervision of ESG risks for credit institutions and investment firms (EBA/REP/2021/18).

5) Сиромаштија / глад – придонес во намалувањето на сиромаштијата мерен преку вклученоста во програми за намалување на сиромаштијата, нудење можности за вработување на економско загрозените групи и слично.

Овие фактори добиваат сè поголемо значење во деловните стратегии и начинот на работење на банките и нивните договорни страни. Социјалните ризици многу често можат да бидат предизвикани и од еколошките ризици. Постојаното влошување на климатските услови, особено во економско загрозените географски подрачја, може да ја зголеми миграцијата и социјалните и политичките немири. За разлика од еколошките ризици, двигателите на социјалните ризици не може да се поделат на физички и транзициски ризици.

**Ризиците поврзани со управувачките фактори** (или факторите за корпоративно управување) се ризици поврзани со степенот на транспарентноста и законската усогласеност на инвестицијата или на субјектот, на пример во однос на сметководствените правила и прописи, даночните прописи, регулирањето на правата на акционерите и слично. Овие фактори ги покриваат практиките за корпоративно управување, вклучително и одговорностите на органите на управување, нивните надоместоци, ревизијата, внатрешната контрола, независноста на одборите, правата на акционерите, спречувањето на корупција, како и практиките на вклучување на еколошките и социјалните фактори во политиките и процедурите на субјектите. И овие фактори се групираат во четири области:

1) *Етички прашања* – интегритет, етичко однесување и вредности, поткуп и корупција, одговорност и владеење на правото,
2) *Стратегија и управување со ризиците* – воспоставување и следење на примената на стратегијата, внатрешна контрола, политики и процедури за управување со ризиците,
3) *Инклузија* – дискриминација, определена преку родовата (не)еднаквост, (не)прифаќање на различностите според возраст, род, малцински групи, присуство на овие групи во органите на управување и слично,
4) *Транспарентност* – објавување податоци и информации поврзани со корпоративното управување.

Управувачкиот ризик претставува ризик од загуби за Банката којшто произлегува од тековните или идните влијанија на управувачките фактори врз договорните страни на банката или пак нејзините средства. Слично како социјалните ризици, двигателите на управувачките ризици не можат да се карактеризираат како физички или транзициски ризици.

## 10. Организациска структура и надлежности

Управувањето со ESG е дел од долгорочниот процес на создавање вредност на Банката.

Доделувањето улоги и одговорности за прашањата на одржливост е најважно за ефективна имплементација на политиките, стратегиите и целите поврзани со

одржливоста и за управување со процесот на известување за ESG. Исто така, со ова се зголемува одговорноста и може да послужи како мерило со кое се мери посветеноста на раководството кон одржливоста.

Надзорниот одбор на Банката е надлежен за усвојување на политики за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување, вклучувајќи ја и оваа Политика.

Управниот Одбор е одговорен за обезбедување услови за работење на Банката во согласност со прописите и ефикасно спроведување на процесот на управување со одржливоста, управување и следење на ризици на кои е изложена Банката во работењето и други надлежности согласно законските прописи и интерни акти.
Управниот одбор е надлежен за спроведувањето на оваа Политика и дава насоки за унапредување на работењето и одржливоста на Банката.

Одборот за управување со ризици го следи и оценува степенот на ризичност на Банката и го утврдува прифатливото ниво на изложеноста на ризици, воспоставува политика за управување со ризици и ја следи нивата примена, ги воспоставува процедурите и начинот на вршење на стрес-тестирање.

Во Банката е формирана работна група за одржливост (ESG), која е задолжена за редовно разгледување на прашања поврзани со одржливоста и ESG практиките.

Организационите единици во рамките на секторите и самостојните служби кои се вклучени во одредени аспекти од управувањето со одржливоста и ESG практиките се одговорни за спроведување на проекти и активности од оваа проблематика во нивниот домен на работење, поддршка и комуницирање на презмените ESG иницијативи со засегнати страни.

## 11. Преодни и завршни одредби

Оваа Политика влегува во сила од денот на донесувањето од страна на Надзорниот одбор на Банката. Со влегувањето на сила на оваа Политика престанува да важи Политиката за одржливост бр. 02-10406/17 од 29.12.2023 година.

За сé што не е предвидено во оваа Политика ќе се применуваат законските и подзаконските прописи и интерните актите на Банката.

За спроведување на оваа Политика, Банката може да донесе и други интерни акти.

Политиката ќе се ревидира најмалку на годишна основа, а доколку има потреба промени можат да бидат вршени и во пократок временски интервал во согласност со промените во законските и подзаконските акти.

**Претседател на НО,**

**Бобан Гоговски**

ТТК БАНКА АД 1 СКОПЈЕ